ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02 – 998/21
Прилеп 09.06 2023 год.

Врз основа на член 344 став 1, член 383 став 1 точка3 и член 384 став 8 од Законот за трговски друштва а во врска со член 49 став 1 алинеа 3 од Статутот на Тутунски комбинат АД -Прилеп, Собранието на акционери на продолжената седница одржана на ден 09.06.2023г. ја донесе следната :

# О Д Л У К А

## За избор на член на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп

член 1

За член на Одбор на директори на Тутунски коминат АД Прилеп се избира Зоран Пачешкоски од Прилеп, дипломиран економист, со адреса на живеење на [redacted]

член 2

Мандатот на членот на Одбор на директори од член 1 на оваа Одлука, трае 4(четири) години.

член 3

Се овластува регистрационен агент да поднесе пријава за упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

член 4

Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

## Образложение

Врз основа на член 344 став 1, член 383 став 1 точка 3 и член 384 став 8 од Законот за трговски друштва членовите на одборот на директори и членовите на надзорниот одбор ги избира собранието со мнозинство гласови од акциите со право на глас од кворумот определен за работа на собранието со овој закон, освен ако со статутот не е определено повисоко мнозинство, на начин и според условите определени во статутот.

Собранието одлучува само за прашањата изречно определени со овој закон и со статутот, а особено за: избор и отповикување на членовите на одборот на директори и на членовите на надзорниот одбор;

Ако годишното собрание не ја одобри работата на органот на управување, односно на надзорниот одбор или на некои од членовите на овие органи на истата седница, собранието може да одлучи да пристапи кон избор на сите членови на органот на управување, односно на надзорниот одбор или кон избор на нови членови на овие органи на местото на оние на кои собранието не им ја одобрило работата. Собранието може да одлучи членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор на кои им ја одобрило работата да продолжат да ги вршат неодложните работи во друштвото до изборот на полниот состав на овие органи што се врши на продолжена седница што се одржува во рок не пократок од осум дена и не подолг од 15 дена од денот на објавувањето на датумот на кој што ќе продолжи седницата на годишното собрание. Денот на одржувањето на продолжената седница се објавува во дневен весник.

Претседавач
на Собрание на акционери
Зоран Трајкоски

„Тутунски Комбинат"
Прилеп
7
АД-Прилеп со П.О.

Доставено:

- Генерален извршен директор
- Претседател на Одбор на директори
- Претседавач на Собрание
- Служба за план и анализа
- Правен референт-супервизор
- Именуван/а
- Архива